

Број 9
октомври - декември 2006

# БИЛТЕН
## за меѓурелигиска соработка

Buletin për bashkëpunim ndërreligjioz • Bilteno baš-o maškar konfesionalnikano jekhetano butikeripe • Dinlerası işbirliği bəlteni
Билтен за међурелигиску сарадњу • Simirida ti colaboratsii anamisa tuti religii
Bilten za međureligisku saradnju • Bulletin for inter-religious cooperation

„И со оние кои веруваат во Книгата, дискутирајте како што треба, па оттука кажете: „Ние веруваме во тоа што ни се соопштува нам и во тоа што ви е соопштено вам, дека нашиот и вашиот Бог е - Еден, и ние Нему му се предаваме".

(Коранм ел-Анкебут, 29:46)

# СТУДИСКА ПОСЕТА НА СЕВЕРНА ИРСКА

**Од 28 октомври до 1 ноември 2006 година, по иницијатива на Македонскиот центар за меѓународна соработка, во соработка со организацијата Медијација на Северна Ирска, беше организирана студиска посета на Северна Ирска, која се одржа во Белфаст. На посетата учествува 13 учесници: високи претставници од црквите и верските заедници во Р. Македонија, претставници од Комисијата за односи со верските заедници и координаторот на програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија од МЦМС.**

Учесниците за време на посетата имаа можност да ги посетат следниве институции и настани во Белфаст: конфликтните подрачја, православната црква, Меѓурелигискиот форум, исламскиот центар, синагогата, Коримела и манастирот Клонард. Посетата на овие институции и верски објекти, како и разговорите со видни луѓе добро упатени во проблемите на тоа конфликтно подрачје, придонесоа учесниците да се запознаат со тамошната конфликтна ситуација и да се стекнат со големо искуство кое ќе им послужи во иднина во меѓуверскиот дијалог и соработка тука во Македонија.

Посетата на Северна Ирска за учесниците беше поттик и инспирација за нови активности кои треба да се преземат во рамките на заедничката соработка во Македонија.

Професорот Петко Златески од Македонската православна црква, г. Јакуп Селимовски од Исламската верска заедница и хазан Ави Козма од Еврејската заедница во Македонија, како дел од учесниците во оваа студиска посета, ги споделија своите впечатоци од патувањето со читателите на овој меѓурелигиски билтен.

**1. Како гледате на иницијатива за оваа студиска посета?**

**Петко Златески (П.З.)**: Ние, како група од 13 членови, претставници на 5-те најголеми верски заедници од Македонија, имавме меѓусебно извонредно разбирање за време на посетата. Сметам дека ваков вид организирани посети на земји кои имаат исто така меѓурелигиски и меѓуетнички конфликтни ситуации се добредојдени за стекнување едно искуство, од кое позитивните работи може да се пренесат во Македонија.

Јакуп Селимовски (Ј.С.): Со оглед на тоа дека и ние на некој начин бевме подрачје со одредена тензија, помеѓу другото и меѓурелигиска, како последица на конфликтот од 2001 година, целта беше да посетиме одредени конфликтни подрачја каде што постоела и сè уште постои меѓуконфесионална тензија и да видиме како луѓето се справуваат со тие проблеми и како ги рушат тие бариери.

**Ави Козма (А.К.):** Лично, на целата таа посета гледав од еден позитивен аспект, зашто претчувствував дека тоа ќе донесе нешто ново, некои нови идеи и работи, како во мојот живот лично, така и за мојата работа во иднина.

**2. Што сте посетиле во Белфаст?**

**П.З.:** Целта на посетата на Белфаст беше да ги посетиме оние места каде што се случувале непријатни настани, места каде што на еден свој начин населението е гетоизирано. Потоа, посетивме и верски објекти, посетивме и една мала

страна 2 Активности при програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија
страна 3 Активности при програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија
страна 4 Меѓурелигиски конференции
страна 5 Меѓурелигиски конференции Религиите за болестите и медицината
страна 6 Религиите за болестите и медицината
страна 7 Религиите за болестите и медицината
страна 8 ИНФО

Антиохиска православна црква и свештеникот Ириней кој е преобразен од протестант во православен, ни произнесе едно прекрасно излагање во кое ни ја претстави улогата на Православната црква во Северна Ирска, иако бројот на православните во Белфаст е 70-80 членови. Но, сепак, тој произнесе дека улогата на Православната црква таму, како и секаде во светот, е да има една помирувачка улога. Оние коишто грешат, ги повикува на покајание, а оние, пак, на кои им е згрешено, ги повикува да им простат на оние кои им направиле зло. Исто така ја посетивме и Исламската верска заедница, која исто е доста млада, ја посетивме Еврејската синагога и католичкиот манастир Клонрад, кој ме импресионира од местоположбата и од градбата, а од друга страна, од она што го чувме, одигрува една голема помирувачка улога, како во минатото, така и денес помеѓу овие две страни кои не се разбираат.

**Ј.С.**: Имавме повеќе средби со лица кои беа од двете страни на конфликтот, и од протестанска и од католичка вероисповест, кои ја изнесоа историјата на конфликтот во Северна Ирска, исто така ги посетивме и верските заедници од Северна Ирска. Од сето тоа, извлековме конкретни поуки од она што го проживеале тие во минатото и се запознавме со решенијата кои ги бараат за да излезат од кризата. Тоа што се покажало како корисно ќе го земеме како конструктивно во градењето на нашите меѓурелигиски односи и ќе го искористиме во нашата понатамошна работа.

**А.К.**: Можеби таму видовме нешто што наликуваше на нашата постконфликтна ситуација во Македонија, но сепак разликите се дијаметрално различни. Таму ги посетивме речиси сите верски заедници кои постојат во



Белфаст, со посебен акцент меѓу католиците и протестантите, разговаравме со обични луѓе коишто можеа да ни кажат како изгледа тоа во секојдневниот живот, луѓе коишто се занимаваат со медијаторство и луѓе коишто се дел од мировни организации.

### 3. Какво искуство носите од посетата на Северна Ирска?

П.**З.**: Ме импресионираа некои излагања. На пример, излагањето на Дејвид Стивенс – *Што се случува кога настануваат меѓуверски конфликти?* Оние кои се директно вклучени во конфликтот сметаат дека самите тие ќе го решат конфликтот, а ние знаеме дека сè што е со насилство, не раѓа добри плодови и секогаш страдаат невини жртви. Едно такво излагање ни ја осветлува и ситуацијата која ни се случи и нам овде во Македонија, но мислам дека ние испаднавме многу поразумни и во 2001 година, кога се случи конфликтот, нашите верски лидери застанаа цврсто и не го поддржаа тој неразумен конфликт. Но, во иднина сметам дека оваа соработка не треба да остане само како меѓурелигиска соработка помеѓу верските поглавари, туку треба да се создаде клима за соработка и на пониско ниво меѓу верските заедници во Македонија, кои секојдневно се во директен контакт со верниците. Само на тој начин ќе се создадат услови сите ние да можеме да живееме порелаксирано и да си помагаме едни на други.

**Ј.С.**: Нивниот конфликт е историски и долговековен, кој трае повеќе од 6 векови. Конфликтот има повеќе карактеристики во Ирска, тој е и територијален со оглед дека Англија го има окупирано целиот остров



на кој се протега Северна Ирска. Северна Ирска останува под протекторат на Англија, додека Република Ирска е независна држава. Република Ирска е католичка држава, таква била состојбата и со Северна Ирска, меѓутоа заради доселување протестанти од Англија, изменета е состојбата, па некаде околу 60% од населението е со протестантска вероисповест, а 40% се католици. До неодамна имаа и воени конфликти, сега имаат прогласено примирје, но сè уште немаат локална влада, Англија директно управува со Северна Ирска. Конфликтот бил навистина крвав, Белфаст е една жива слика за тоа. Таму има квартови во кои живеат само католици, квартови во кои живеат само протестанти и во многу подрачја квартовите се одвоени со ѕидови и бодликави жици. Поранешната главна улица која поминувала низ Белфаст сега на неколку места е раздвоена со ѕид кога се преминува од протестантскиот кон католичкиот дел. Во тој случај носам навистина негативно искуство.

**А.К.**: Луѓето таму живеат меѓу ѕидини разделени со жици, огради и камери, придружувани се од полиција, не смеат да поминат од еден во друг кварт, не се мешаат едни со други. Тоа мене ми остави големи негативни впечатоци дека еден фанатизам може да доведе до крајно екстремизирање на работите помеѓу тие две заедници. А позитивното искуство коешто го донесов од таму е тоа што забележав кај сите луѓе, без оглед на нивната верска припадност, постои огромна желба за надминување на сите тие проблеми еден ден повторно сите нормално да живеат без никакви тензии и проблеми со страв дали ќе треба да поминат




низ некој кварт каде живее население од друга конфесионална припадност.

### 4. Дали оваа посета ќе влијае на вашата работа како претставник на верска заедница?

**П.З.**: И претходно сум имал можност да учествувам на слични вакви организирани посети и кога сакам да им укажам на младите коишто се воспитуваат, го нагласувам тоа дека ние, секој еден од нас, треба да го гледаме како наш брат, како наш близок. Сите ние сме чеда божји, и ако не можеме да му помогнеме на другиот, да се трудиме барем во животот да не му одмогнуваме. Нашата улога е да ги воспитуваме децата да живеат во взаемно разбирање, меѓусебна љубов, соработување, почитување едни со други, зашто само така може да создадеме добри луѓе, добри верници, како и добри граѓани на нашето општество.

**Ј.С.**: Денес во светот скоро не постојат едноконфесионални општества, каде што исклучиво би постоела само една религија. И кај нас во Македонија е очигледна таа мултиконфесионалност, па затоа сите треба да бидеме повеќе претпазливи и максимално да го користиме искуството на нашите предци, кои и во најтешките околности знаеле да пронајдат решенија и патишта за комуникација.

**А.К.**: Во еврејството посебно има традиционален однос за добра соработка и добро познавање на другите верски заедници на просторите на коишто живееле Евреите и нивните заедници. Оваа посета сигурно ќе влијае на мене да работам на полето на зацврстување на односите на соработка со другите верски заедници во Македонија и да почнеме да соработуваме на што повеќе заеднички проекти како, на пример: дијалог помеѓу верските заедници, посети на едни со други, пријателства, дружења и зацврстување на неформалните односи коишто и денес ги имаме и се доста позитивни.

### 5. Што ви остави најголем впечаток за време на посетата?

**П.З.**: Една вечер посетивме една од нивните т.н. паради, кои јас лично сметам дека ако е можно, треба да престанат, затоа што во самите парадирања е присутен премногу симболизмот, а симболизмот има значајна улога за оној којшто го носи симболот. Меѓутоа од друга страна, секогаш треба да внимаваме да не ги иритираме оние коишто не се со нас и имаат различни симболи од нашите. За време

на парадата видовме една гордост која би можела да биде провокација за оние коишто се од другата страна. Она што ме погоди посебно е што на парадата учествуваа возрасни луѓе на кои можеше да се забележи еден револт кон оние кои се од другата страна, а со себе ги носат на парадата и своите деца кои исто така од мали нозе ги воспитуваат во тој непријателски дух. Мислам дека заради тоа таквите паради се непотребни и некорисни, зашто наместо да се негува тој непријателски дух, треба да постои духот на разбирањето и солидарноста.

**Ј.С.**: Најголем впечаток, во секој случај, ми остави недоразбирањето меѓу нив, и покрај тоа што постојат мировни организации кои се трудат да ја надминат таа состојба. Кога ги прашавме зошто не ги срушат ѕидовите со кои се прекинуваат улиците и комуникациите, ни одговорија дека сè уште се свежи раните кои меѓусебно ги имаат доживеано и доколку ги отстранат ѕидовите, се плашат да не се возобнови конфликтот онака како што било во минатото. Или, да речеме, нешто што мене ми остави најнегативен впечаток, а верувам дека и на другите учесници во посетата, е следново - посетивме еден католички кварт и потоа еден протестантски кварт и на крајот од протестантскиот кварт се наоѓа едно католичко основно училиште, така што католиците ученици треба да поминат низ протестантскиот кварт за да стигнат до своето училиште и секој ден кога одат и се враќаат од училиште ги следи полиција за да не настрада некое дете. И втора работа е сегрегацијата која сè уште постои во образованието. Протестантите имаат јавно државно образование, а католиците имаат приватно образование под контрола на католичката црква. Само на некои факултети може да се најде место каде што заеднички студираат и студентите од протестантска вероисповест и студентите од католичка вероисповест.

**А.К.**: Најнегативно од целата приказна е



тоа што видов луѓе кои се гетоизирани, кои се поделени. Јас тоа го доживеав на еден поинаков начин, бидејќи за Евреите гетоизацијата потсетува на еден неубав и нехуман период за време на Втората светска војна, кога нашите предци беа убивани по логорите, беа гетоизирани, беа затворани само заради една причина, што беа Евреи. Овдека луѓето се повторно раздвоени и гетоизирани едни од други, само затоа што се протестанти или католици. Тоа за мене остави најдлабока негативна импресија.

**6. Што би предложиле да се направи како активност во Македонија по посетата на Северна Ирска?**

**П.З.**: Сметам дека воспитанието е фактор број еден. Нашиот млад свет е верски необразован. Верското воспитание во едно здраво социјално и економско друштво навистина има позитивно влијание, затоа ценам дека е потребно што поскоро конфесионално да се изучува верската настава, а споредбено да се изучуваат и оние религии коишто се присутни во Македонија, па и големите светски религии. Верската настава треба исклучиво да ја изведуваат оние кои се убедени во тоа што го пренесуваат, затоа што ако некој предава нешто, а во тоа не верува или не е убеден дека тоа е така, навистина тоа се чувствува кај оние коишто го слушаат и ефектот ќе биде само негативен.

**Ј.С.**: Нам оваа посета ни дава и една позитивна енергија. Да видиме дека имало многу лоши состојби и дека луѓето, и покрај тоа што живеат во такви лоши состојби, и кај нив има ентузијасти, има мировни движења, има сили кои настојуваат да ги надминат тие повеќевековни несогласувања, а зошто тогаш ние тука во Македонија, кога немаме такви разлики, кога имаме мошне позитивни примери од секојдневието на меѓусебниот соживот, ова негативно искуство кое го стекнавме при оваа студиска посета да не го искористиме во позитивна смисла на зборот, односно да не дозволиме од бизарни недоразбирања да израснат посериозни конфликти. Во таа насока, ние ќе се насочиме и како Совет за меѓурелигиска соработка со своите активности и во оние активности кои планираме да се преземат на пониско ниво меѓу свештените лица од верските заедници, да им го пренесеме ова искуство и од нив да побараме да бидат поангажирани во надминувањето на меѓусебните конфликти во базата меѓу народот и верниците. Еден имам и еден свештеник од едно село или две соседни села зошто да не седнат заедно на иста маса и да поразговараат за секојдневните проблеми што не преоптоваруваат заеднички. Тоа е позитивен пример кој ќе го пренесат на сите верници, без разлика од која верска припадност се.

**А.К.**: Низа активности, кои во Македонија може да се направат за да се зближат заедниците едни со други. Воопшто не е запоставена нашата соработка со другите верски заедници во Македонија. Постои Совет за меѓурелигиска соработка којшто одлично функционира и работи, потоа МЦМС доста придонесува за меѓурелигиската соработка во Македонија преку голем број активности кои сигурно треба да придонесат народот од различна религија или вероисповест да седне заедно на маса и да дискутира за различни проблеми кои се од заеднички интерес на сите граѓани на државава.

# ПРЕДАВАЊА НА ТЕОЛОШКИТЕ ФАКУЛТЕТИ

**Во рамките на проектот Размена на знаења за другите религии, и во овој зимски семестар беа планирани разменски предавања на теолошките факултети, со цел да се зголемат знаењата кај студентите (теолози) за религиските учења на другите религии.**

Така, на 12 декември, студентите од прва година на Православниот богословски факултет ја посетија Синагогата во Скопје, каде со богослужбите и богослужбените предмети кај Евреите ги запозна хазан Ави Козма. Бидејќи сите посетители беа студенти од прва година, за првпат имаа можност да бидат вклучени во некој од проектите при програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија. Тие покажаа голема заинтересираност да научат нешто повеќе за другите религии, коешто можеше да се забележи и од многубројните прашања кои ги поставуваа за време на предавањето.

Во текот на зимскиот семестер се планирани уште две разменски предавања, и тоа: на 25 декември деканот на Православниот богословски факултет, проф. д-р Ратомир Грозданоски, ќе им одржи предавање на студентите на Факултетот за исламски науки на темата Македонија и Македонците во Библијата, а на 27 декември професорот м-р Шабан Сулејмани од Факултетот за исламски науки ќе одржи предавање пред студентите од Православниот богословски факултет на темата Верските празници во исламот.



Генерално, студентите сметаат дека ваквите разменски предавања се корисни и дека треба да продолжат и во иднина. Потребата од ваквиот вид предавања ја објаснуваат со тврдењето дека предавањата им овозможуваат да дознаат нешто повеќе за религијата на другиот, особено за работите кои претходно им биле нејасни.

# Професорите и студентите од Православниот богословски факултет беа во посета на Факултетот за исламски науки

**На 13 декември, 2006 година студентите и професорите од Православниот богословски факултет, заедно со деканот, проф. д-р Ратомир Грозданоски, отидоа во посета на Факултетот за исламски науки. Таму беа срдечно пречекани од в.д. деканот, проф. Фаредин Ебиби, како и професорите и студентите од Факултетот за исламски науки.**

Целта на оваа посета беше да се споделат искуствата на меѓурелигискиот дијалог, размена на меѓусебното знаење и промоција на добрата волја. Деканите на двата факултета одржаа говор пред студентите, истакнувајќи го значењето на ваквиот вид контакти помеѓу теолози од различна религија. Тие живеат во една земја, споделуваат заеднички проблеми, се подготвуваат да работат за збогатување на духовноста меѓу верниците, а исто така заедно ќе бидат вклучени во наставата при воведувањето на веронауката во училиштата. Затоа е потребно да се запознаат меѓусебно и да контактираат едни со други.



На заедничката средба помеѓу професорите од двата теолошки факултета тие ги разгледаа и проблемите со кои се соочуваат во наставата и ги споделија своите искуства во однос на процесот на приклучувањето на теолошките факултети кон државните универзитети. На средбата беше истакнато и позитивното искуство од ваквите средби од минатите години.

Потоа следуваше коктел, на кој студентите од двата факултети имаа можност меѓусебно да се запознаат. Беа разменети и контакт-податоци заради понатамошна соработка.

# АПЕЛ ЗА ДУХОВНО РАЗБИРАЊЕ И СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЦРКВИТЕ И ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

## Меѓурелигиска конференција во Прилеп

На 21 декември 2006 година, во организација на Советот за меѓурелигиска соработка на Македонија, во Прилеп, градот кој е „прилепен кон Бога", како што го нарекоа организаторите, се одржа Четвртата мултиконфесионална интерна конференција во Република Македонија за унапредување и збогатување на меѓурелигиската соработка.

На конференцијата зедоа учество, покрај членовите на Советот за меѓурелигиска соработка, и високи претставници од петте цркви и верски заедници кои се именувани во Уставот на Република Македонија, како и парохиски свештеници и имами од Прилеп, од Битола и од Ресен. Тие разговараа на темата „Добрите зборови поучуваат, а добрите примери привлекуваат", коешто беше и мотото на оваа конференција и заеднички упатија апел за мир и духовно разбирање до сите граѓани во Македонија.



„Конференцијата е организирана за да се продлабочи и развие добрата соработка меѓу верските заедници и црквите во Македонија во околности кога политичките партии ги делат луѓето. Црквите и верските заедници носат пораки и примери за враќање на духовните корени и верски потреби, кои даваат мир на душата, спокојство на семејството, атмосфера на љубов, почит и разбирање. „Формулата за да се постигне тоа е љубовта", рече проф. д-р Ратомир Грозданоски, претседател на Советот за меѓурелигиска соработка.



„Во Македонија луѓето треба што повеќе изворно да го разбираат исламот и да им овозможат и на муслиманите рамноправно да дејствуваат и да се развиваат на овој простор", смета Јакуп Селимовски од Исламската верска зедница.

„Вистинска демократија не се постигнува со законски акт, туку за тоа треба да созреваат сите елементи во државата, сите луѓе да созреат, да се почитуваат правата на сите, бидејќи според законот, сите се еднакви", рече монсињор Антун Церимотиќ од Католичката црква.

Михаил Цеков, надзорен проповедник од Евангелско-методистичката црква, вели дека „кога луѓето се запознаваат подобро, расте и нивната меѓусебна доверба", а г. Виктор Мизрахи од Еврејската заедница смета дека мултиконфесионалноста и мултиетничкото општество е богатството на Македонија.

Со одржувањето на овие локални конференции се очекува поголемо зближување на луѓето од различни религии. Досега Советот за меѓурелигиска соработка одржа конференции во Охрид, во Тетово и во Струмица.

# Годишна конференција на Евангелско-методистичката црква

Темата на Годишната конференција (ГК) се наоѓаше во Римјаните 12,9: „Вашата љубов нека не биде лицемерна, отстранувајте се од злото, прилепувајте се кон доброто"

Со благодарност кон Бога и Неговата светост, можевме да бидеме заедно на ГК на ЕМЦ во Република Македонија и во Србија.

ГК се одржа во просториите на Социјалниот центар „Мис Стон" - Струмица од 19 до 22 октомври 2006 год., а навечер се одржуваа богослужби во ЕМЦ во Струмица на кои проповедуваа гостите од странство.

Посебна радост ни претставуваше што оваа година ГК за првпат ја водеше новиот епископ, д-р Патрик Штрајф.

ГК отпочна со приемот кој го приреди епископот д-р Патрик Штрајф во Центарот „Мис Стон", на кој присуствуваа претставници на црквите од стумичкиот регион, претставниците на власта и гостите од странство.

Посебно ни беше драго што покрај делегатите на ГК, на богослужбите беа присутни: ▸

епископот и егзарх на Католичката црква во Македонија, д-р Киро Стојанов, кој ја изрази својата благодарност што може да биде заедно со нас посакувајќи успешна работа на ГК, потоа господин Антун Серечи, заменик-директор во Републичката комисија за односи со верските зедници и религиозни групи, кој во името на Комисијата ги искажа срдечните поздрави и посака успех во работата на ГК и д-р Филип Хојош, амбасадор на Република Австрија во Македонија.



Други гости на ГК имаше од Германија, супернадзорникот на Бугарија, гости од САД. Во работниот дел на ГК посебно место заседоа извештаите на супернадзорните Ана Палик-Кунчак, оддел Србија и Вилхем Науснер, оддел Македонија. Во одделот Македонија повеќе беа опфатени меѓурелигиските контакти во Македонија, подготовките на Законот за црквите и верските заедници, извештаите од заедниците на ЕМЦ во Македонија. Беа презентирани извештаи за работата на полето за литературна работата со жените, младите, децата, работата на социјално-хуманитарно поле и сл. Под водството на епископот имаше дискусии по прашања поставени од делегатите присутни на ГК.

Имавме благословена и конструктивна работа во сите денови од ГК. Му благодариме на Бога што можевме заеднички да размислуваме за Неговото дело и да ги споделуваме меѓусебните искуства за добробит на сите нас, но и за прослава на Неговото вечно и славно Божествено Име.

**Милица Попризова**

# ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА ИЗБРА НОВ ПОГЛАВАР - РЕИС УЛ УЛЕМА Х. СУЛЕЈМАН ЕФ. РЕЏЕПИ



Исламската заедница во Република Македонија е единствениот субјект кој го организира верскиот живот, едукацијата и образованието и истовремено е највисоката институција во водењето на муслиманите на оваа земја.

За пошироката јавност е познато дека ИВЗ, од оставката на Х. Ариф Емини, на 29.06.2005 г., остана без водач.

Во септември, 2006 година, беше покрената иницијатива за избор на Реис ул Улема од членовите на собранието на ИВЗ, а потоа поддржана и од муфтиствата во земјата, со чие барање и се одржа седницата на Собранието на ИВЗ на 16.09.2006 г., во која беа објавени изборите за Реис ул Улема.

На 18.09.2006 г., во согласност со Правилникот за избори за Реис ул Улема, во собранијата на 13 муфтиства се одржаа седници каде беа предложени можни кандидати за претседател на Исламската заедница – Реис ул Улема. Правилникот предвидуваше можниот кандидат за Реис ул Улема обврзувачки да биде предложен во 5 собранија на муфтиствата, а овој пат овој критериум го исполнија само двајца кандидати, Х. Сулејман еф. РЕЏЕПИ, предложен во 12 муфтиства и Х. Мухамед еф. ИСЕНИ е предложен во 8 муфтиства.

Изборите за Реис ул Улема се одржаа на 20 септември 2006 година, во просториите на Медресата „Иса Бег„ – Скопје, каде изборното тело го даде својот збор со што ја реализираа уставната обврска. Овој акт, за изборното тело, како и за сите муслимани на ова поднебје, ги разбуди надежите за да им се стави крај на проблемите, што ја проследуваа оваа институција со години.

Во ова без сомнение влијаеше и апсолутната поддршка од гласачкото тело што му беше дадедно на Х. Сулејман еф. РЕЏЕПИ, кој во деведесеттите години беше последниот претседател на Мешихатот на ИВЗ и Реис ул Улема и прв на ИВЗ по осамостојувањето на Македонија, односно на Исламската заедница во РМ.

Апсолутната поддршка што ја доби Х. Сулејман еф. РЕЏЕПИ, без сомнение, е и поддршка на претставената програма по повод неговата кандидатура. За ова зборуваат и самите негови силни изјави дадени веднаш по објавувањето на резултатите од изборите, како и преку дадените интервјуа за средствата за јавно информирање.

Реис ул Улема Х. Сулејман еф. РЕЏЕПИ, покрај апсолутната поддршка што ја доби на изборите, уште од првиот ден прими бројни телеграми со честитки од земјата и надвор од неа. Наедно беше и почестен со учеството на високи гости од дипломатскиот кор и претставници на разни субјекти по повод примањето на МЕНШУРАТ и дадената ЗАКЛЕТВА на 22.09.2006 година во Јахјапашината џамија во Скопје.

**Информативната служба на ИВЗ**

# БОЛЕСТА КАКО ПРЕДИЗВИК

Живееме во време на глобални нарушувања во вредносните системи на човекот во сите области на живеењето. Но, изгледа дека овие нарушувања настанаа со самото излегување на Адам и Ева од рајот. А надвор од рајот човештвото е изложено на секакви неволји: глад, болести, секаков вид страдања… И најголемото од сите: страдањето заради одвоеноста од Бога, прекинатата заедница на љубовта.

Времето на овој живот ни е дадено за да научиме да љубиме. Да го најдеме патот назад до Бога, зашто Он е љубов.

За каква Љубов станува збор?

Љубовта Христова којашто исцелува, усовршува, исполнува, осмислува.

Љубов посилна од смртта.

Самиот Христос вели: „Немаат здравите потреба од лекар, туку болните…"

А што е болеста?

Според дефиницијата на Светската здравствена организација „Здравјето не е само отсуство на болест, туку и целосна телесна (физичка), духовна (психичка) и социјална благосостојба. А според светиот Теофан Затворник, здравје е единството и рамнотежата на сите делови на човечката природа: дух, душа и тело".

Психофизичкиот интегритет на човекот е директно зависен од духовната состојба. Болеста претставува нарушување на оваа рамнотежа, што се случува на ниво на личност. Духот, душата и телото не се посебни делови, туку сепроземачки елементи на една целина. Заради тоа, промената во еден од „деловите" директно влијае на другите во една или во друга насока. Сфатена како предизвик и прилика за исцеление, болеста е посебен благослов за човекот, на патот на неговото созревање како личност. Алкохолизмот, пушењето, дрогата, прејадувањето, прекумерната работа, претставуваат еден вид самоказнување на безброј трауматофилно



*Исус ја воскреснува Јаировата Ќерка*

настроени луѓе. Тука спаѓаат и многу психосоматски болести, како што се стомачната киселина, високиот крвен притисок, бронхијалната астма, хроничниот колитис, заболувања на штитната жлезда...

Затоа целта ни е да дојдеме до одговор на парашањат: Колку сме подготвени да се носиме со проблемите на секојдневието? Имаме ли стратегија, начин, метод? Колку се познаваме себеси, другите, Бога? Колку можеме да одговориме на двете основни парашања на нашето постоење - љубовта и смртта?

Старец Ефрем Филотејски вели: „Довери Му го своето здравје на Бога. Ако болеста или лекарот те принудат на нешто, прифати го тоа со надеж дека на тој начин Бог ќе го направи тоа што сака. Се разбира дека нашето самоодрекување не треба да не одведе во смрт (оти тоа би било самоубиство), ниту пак треба да покажеме толку грижа што би не одвела во самољубие, туку напротив, треба да чекориме по средната патека, односно со вера да го правиме она што ни е наложено, за да не ни се смета (нашето самоодрекување) за самоубиство. Меѓутоа, да Му оставиме на Бога (да одлучи) дали ќе ни биде подобро од она што го користиме.

Биди трпелив во сите свои страдања. Болестите ѝ носат голема корист на душата кога трпеливо ги поднесуваме и кога за нив се обвинуваме самите себеси, бидејќи од нив страдаме најмногу заради своите гревови, а посебно заради гордоста на срцето.

Низ сето тоа ќе поминеш заедно со Христос. Самиот распнат Христос ќе биде со тебе додека боледуваш. Тогаш подобро ќе Го запознаеш и ќе Го засакаш уште повеќе. Кога ќе помине искушението, ќе Го благословуваш заради добрата што ти ги дал.

Не се жалости, не ја губи силата... Кога си болен, собери ги своите душевни сили и потруди се да сфатиш што се обидува да ти каже небото во тие твои искушенија. Ако плачеш од болка, солзите ќе го исчистат твојот поглед, како што му се случи и на многустрадалниот Јов.Тогаш заедно со него ќе можеш да речеш - сега окото мое Те гледа (Јов 42,5)".

Има два вида болести, болест која се обидува да нè врати на патот и болест како искушение кога нашата просветлена душа е ставена на тест. Првата болест е искушение, но повеќе искушение кое ни е дадено во облик на лекција, која кога ќе ја научиме, треба да ја запамтиме и да ја следиме, бидејќи следниот пат ќе ни биде пратена во потежок и поболен облик. Додека ако болеста ни е дадена како искушение, единствено нешто што треба да имаме на ум е дека с# е од Него. Како Јов што бил искушуван, така и ние ќе бидеме ставени на тест колку нашата вера е чиста и вистинска, колку сме свесни за неговата семоќност и милост. Тоа е света болка.

Без оглед на која страна е искушуван човекот, тој е секогаш во добивка, доколку за време на искушенијата покаже соодветно трпение и благодарност. Тоа се разоткрива кога искушението ќе помине, кога ќе станеш свесен за просветлението на твојата душа и бистрината на умот.

Да се молиме во нашите животни незгоди



*Христос лекува болен од лепра*

да ни биде дарувано познание и трпение, за да го задобиеме спасението. Амин!

**д-р Деспина Зоксимовска**

**студент на Православниот богословски факултет**

# МЕДИЦИНАТА ОД ПРИЗМАТА НА ИСЛАМОТ

Поаѓајќи од фактот дека верата им е наменета на луѓето, таа не е ништо друго освен целина од божествени норми насочена кон луѓето, во систематизацијата на животот во рамките на одредените начела од Создавателот. Главната улога на верата е да создаде погодни околности за среќен живот. Вистинска радост не може да се замисли без активниот фактор кој придонесува во нејзината изградба. Како што се знае, главната цел на верата е човекот, односно животот на човекот. Човекот во себе содржи две главни компоненти, душата и материјата. Човекот е одговорен за животот во целина. Одговорен е за духовниот аспект, и за тој материјалниот.

Човекот спаѓа во групата на живите суштества и е многу логично да го следат болести. Болеста не познава конфесии, граници или одредена раса, таа го напаѓа живиот организам, без разлика кој е тој. Оваа реалност исламот не можел да ја игнорира, затоа медицината како предмет и како професија го зазел заслуженото место.

Исламот не само што не ја игнорира медицината, туку ја воздигна на чело на значајните науки. Поконкретно, ова ќе се забележи во една пророчка изрека: „Има два вида знаење: знаење кое ги третира религиозните прашања и тоа кое се занимава со организми". Како што се гледа, медицината, според исламот, е одредена како „наука или како знаење за организмите". Во меѓувреме оваа изрека на Пророкот го открива ставот на исламската вера кон медицината.

Според Ибни Халдуни, има два вида знаење: научна и традиционална природа. Природното знаење според него е тоа кое придобива од умствениот и експерименталниот ангажман, додека традиционалното знаење се верските науки. Од обврзувачки апсект, знаењето може да биде:

1. Поединечна обврска;
2. Обврска за неколку луѓе.

Според Газалиу и Ибн Кајими, учењето на тие науки, кое било неопходно за да продолжи квалитетниот живот, е обврска на неколку лица од одредено општество. Според констатацијата на други научници, учењето на медицината, аритметиката, геометријата и градежништвото е обврска на неколку лица, значи изучувањето на видот на овие науки не е обврска за секој поединец, туку доволно е неколку луѓе да се занимаваат со изучувањето на овие науки, додека другите да се поштедат од

оваа обврска.

Што се однесува на извонредната медицина, ставот на исламот сега е веќе јасен. Но, исламот има негативен став кон „медицината" и начинот на „лечење" на некои болести кај некои поединци, кои ја користат болеста на луѓето и нивниот низок менталитет за сопствени цели. Станува збор за тие кои претендираат да ги лечат луѓето со амајлии, со баење и други начини.

На прашањето поставено на Пратеникот дали да се лечиме со лекови, *„да"* беше неговиот одговор од фактот дека *„Алах не пушти болести, без да го пушти и лечењето, но ова може да го знае само тој кој учел, додека не може да знае тој кој не учел"*.

Са'д б. Еби Веккаси, другарот на Пророкот, се разболел, но третирањето и лекувањето на неговата болест пратеникот го побарал од Харит б. Килде, еден познат лекар од тоа време. Тоа што е значајно да се истакне е дека Харит не беше од верата која ја проповедаше Мухамед а.с. Овој пример служи околу тоа на која медицина ѝ дал предност и пратеникот на Алах истовремено извади на виделина и една друга верска вредност. Според исламските начела, кога станува збор за здравјето или лекувањето на болните организми, болеста нема некоја причина да не биде лекувана, дури и од лекар кој не ѝ припаѓа на нивната вера.

Ова беа некои од сведоштвата што го откриваат ставот на исламската вера кон медицината, бидејќи други директни и индиректни факти кои се поврзуваат со медицината има многу во исламската литература. Колку за илустрација, ќе го истакнам и ова, дека здравјето за многу обврски од верата е услов за обврската на некои обожувања во исламот.

**м-р Фахрудин Ебиби**

# ЗА СИДАТА ОД ПОИНАКОВ АГОЛ

Денес живееме во декадентни времиња. Лизија на моралните вредности... Луѓето можеби не знаат, а можеби и не сакаат да размислуваат за божјиот збор. Ретки се личностите со кои можете да размените здрава христијанска порака, кои искрено ќе се израдуваат што читате Библија и христијански го живеете животот... Речиси сум сретнала грст луѓе кои ги умртвуваат своите инстинкти и нагони, само за да Му се допаднат на Бога.

„...и така умртвете ги своите членови што се на земјата, блудта, нечистотата, страста..." Колосјани 3,5.

„...а оние што се Христови го распнаа своето тело со неговите страсти и похоти..." Галатјани 5,24.



*Господ Исус Христос му го враќа видот на слеп од раѓање*

Светот, во кој сите ние сме современици, е исполнет со прељубодејство, вонбрачни, предбрачни и сл. други врски.

Билбордите, дневните весници, журналите, ТВ-рекламите и сл. нудат слогани, кои го поддржуваат тој начин на живот... земи сè што ќе ти нуди животот... зграпчи го денот... еднаш се живее... итн. Наспроти тие човечки кованици, стои божјиот збор: „Не лажете се, Бог не дозволува да биде изигран! Зашто што човекот ќе посее, тоа и ќе жнее... кој сее во своето тело, од телото ќе пожнее погибел, а кој сее во Духот, од Духот ќе пожнее вечен живот". Галатјани 6:7-8.

Непослушноста на човекот кон Бога е виновна за сите последици. Бог ни дал слободна волја да одбереме по кој пат да тргнеме: пат контролиран од Бога, или пат контролиран од сатаната.

СИДА

Вирусна болест со мистериозно потекло. Јавноста доволно е информирана за сидата како се пренесува и кои се последиците. Како лекар, нема да зборувам за сидата, но ќе зборувам како верник за спречување на истата.

Значи, се пренесува преку: сексуален контакт, по крвен пат (трансфузија), по вертикална трансмисија од мајка на фетус, крв, вагинален секрет, сперма, мајчино млеко.

Сексуалниот начин на живот можеме сами да го одбереме, креираме, но само во Господа.

Бог не е против сексот.

„Бог го создаде човекот во својот лик... ги создаде машкото и женското. И Бог ги благослови и им рече: ...Плодете се и множете се и наполнете ја земјата и потчинете ја!" Битие 1:27-28.

Да, Бог го предвидил и го подарил сексуалниот нагон и живот, но само во рамките на бракот. Нашите патишта во животот да останат чисти. Бог нè љуби и тој нè смета за чисти садови, во кои треба да престојува Неговиот Свет Дух. „Бегајте од блудство!"... Прво Коринт.6:18.

Секојдневието, динамичниот начин на живот носат со себе епизоди на искушение.Треба да знаете дека Бог никогаш и никого не искушува. Сите искушенија се од сатаната... „Да се воздржувате од телесните желби, зашто тие војуваат против душата..." Прво Петрово 2:11.

КОНДОМИ???

Да или не???

Повторно истите билборди, медиуми, реклами... Дали кондомите го решаваат проблемот? Секако дека не. Никој не ви гарантира дека истиот 100% ќе ве заштити. Значи, единствениот начин да се заштитиме од сексуалниот начин на пренесување е верноста во бракот.

Бог е семоќен, Создател на Универзумот. Неговите свети зборови напишани во Светото писмо, многу прецизно, јасно предупредуваат на смртоносните последици од сексуалниот грев. Сидата е само една од можните последици.

Кампањите кои се одвиваат на територијата на Република Македонија одат во насока само на употреба на кондоми. Апсурдот оди дотаму што истите се презентираат и пред ученици од средните училишта, кои се личности во оформување. Доколку ѝ се сугерираа на една недооформена личност да употребува кондом, веднаш ќе го прифати фактот дека сексуалната слобода е дозволена и неморалниот живот може да почне. Да, токму тоа е сугестијата.

Затоа, како докторка и христијанка, апелирам фундаментално да се насочат активностите кон запознавање на младите, дека пред сè сексуалниот неморал е генераторот на огромен број проблеми кои не остануваат само во сферата на телесните болести, туку генерираат и бројни психолошки проблеми. Предбрачниот секс е грев. Живеењето во некакви невенчани заедници, кои се сè, само не брак според божјите стандарди, исто така може да биде генератор на многу проблеми. Статистиката вели дека таквите невенчани парови воопшто не се посреќни во однос на оние кои благословено од Бога живеат во брак.

Само Библијата, божјиот збор, може да ги исправи нашите патишта.

Бог нè сака чисти. На денот на Судот, сите ќе застанеме пред Него. Да се плашиме од Бога, зашто Неговото Слово вели: „Стравот од Господа е почеток на мудроста!"

**д-р Лидија Ристовска**

**Евангелско-методистичка црква**

## ПОИМНИК:

**Ханука** - празник којшто трае и се празнува 8 дена во спомен на ослободителната борба на евреите и посветување на Храмот пред 2170 години. Се празнува од 15 до 23 декември.

**Курбан Бајрам** - еден од двата најголеми исламски празници. На овој ден муслиманите кои имаат материјална можност жртвуваат курбан во името на Алах џ.ш. Оваа година се прославува од 31.12.2006 до 03.01.2007 г.

**Рождество Христово** - се празнува раѓањето на нашиот Спасител, Богочовекот Господ Исус Христос. Луѓето се поздравуваат со „Христос се роди" и си отпоздравуваат со „Навистина се роди". Католиците го празнуваат овој голем празник на 25 декември, а православните христијани на 7 јануари.

**Богојавление-Водици** - празникот е востановен во спомен на крштението Господово. На овој ден Господ Исус Христос е крстен од Свети Јован Крстител во реката Јордан, при што се објавува целата Света Троица. На овој ден (19 јануари) се фрла крстот во водата, а водата што се осветува е лековита и се чува во текот на целата година.


## Тромесечна информативна публикација Билтен за меѓурелигиска соработка

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС); Македонска православна црква (МПЦ), Исламска заедница во Р. Македонија (ИЗ), Католичка црква (КЦ), Еврејска заедница во Р. Македонија (ЕЗ), Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ).

Издавачки совет: Александар Кржаловски (МЦМС), Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ), Метин Изети (ИЗ), Дон Мато Јаковиќ (КЦ), Ави Козма (ЕЗРМ), Милица Попризова (ЕМЦ).
Главен и одговорен уредник: Александар Кржаловски
Автор на текстовите: Анета Јовковска, освен каде што е назначено името на авторот на крајот од текстот.
Лектура: Даниел Медароски
Дизајн: Кома,
тираж: 500 примероци
Печати : Боро графика
Финансирано од Норвешката и Данската црковна помош.

Рег бр. 02-161/2


## Регистрирани верски заедници и религиозни групи во Македонија

1. **Македонска православна црква**
Бул. "Партизански одреди", 12, Скопје
2. **Исламска верска заедница**
Ул."Чаирска" 52, Скопје,
3. **Католичка црква**
Ул. "Ристо Шишков"31, Скопје,
4. **Еврејска верска заедница во РМ**
Ул. "Борка Талески"24, Скопје
5. **Евангелско-методистичка црква во РМ**
Ул. „Дебарце" 9, Скопје
6. **Христијанска адвентистичка црква (Црква на адвентистите на Седмиот ден)**
7. **Христијанска адвентистичка црква во РМ**
8. **Баптистичка црква "Радосна вест" во РМ**
9. **Еховини сведоци - христијанска верска заедница**
10. **Евангелско-конгрешанска црква**
11. **Света столица и круна на Исламска еренлерска тариканска верска заедница во Македонија**
12. **Новоапостолска црквава во македонија**
13. **Сатја Саи центар**
14. **Евангелска црква во РМ**
15. **Ваишнавска верска заедница**
17. **Прахристијанска заедница-"Универзален живот"**
18. **Црква Божја во РМ**
19. **Христијанска религиозна група Нова надеж**
20. **Бекташиска заедница во РМ**
21. **Христијанска црква "Слово на надеж"**
22. **Христијанска црква Божји глас**
23. **Меѓународна црква на Христос Скопје**
24. **Независна Христова црква**
25. **Христијанска црква "Блага вест"**
26. **Обединета библиска црква - Библиски центар**

